Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-508/3
19-12-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-508/1 од 23.09.2022 година, поднесена од адвокат [redacted] во име на [redacted] иницијативи и меѓународна соработка ДЕЛО Скопје против Стевчо Јакимовски, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 16.12.2022 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка припадност од страна на Стевчо Јакимовски кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заведена под архивски број 08-508/1 на 23.09.2022 година, од [redacted] Скопје за сторена дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми, врз основа на етничка припадност кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност од страна на Стевчо Јакимовски.

Согласно наводите од претставката, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски на ден 05.07.2022 година, во гостувањето на емисијата "САМО ВИСТИНА" емитувана на националната телевизија Канал 5, во 18:30 минута од видео снимката изјавил: „Ај ако не па ние во фуснота да ставиме дека Бугарите се Татари, еве не е официјално, фуснота е, велиме немаат словенско потекло." Достапно на седниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=jrd374fTnVo&ab_channel=%D0%9A%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB5%D0%A2%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0 .

Подносителот на претставката тврди дека Стевчо Јакимовски со оваа изјава во јавноста „поттикнал шовинистички, ксенофобичен и дискриминаторски коментари спрема граѓаните на Р.С. Македонија со бугарско национално самосознание". Поточно, дека со ваквите дејствија тој сторил директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 и член 10 со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на потекло, национална и етничка припадност.

Согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 10.10.2022 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката бр. 08-508/2 до [redacted].

Со оглед на тоа што [redacted] не се произнесе во законски предвидениот рок, Комисијата ги ценеше исклучиво тврдењата изнесени во претставката.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при своето постапување ги зема предвид релевантната меѓународна и национална правна рамка во однос на слободата на говорот и изразувањето, како и законската дефиниција за вознемирувањето како вид на дискриминација.

Имено, слободата на говор и изразување е заштитена, меѓудругото, и со следните меѓународни документи:

- **Универзалната декларација за човекови права** во член 19:
  *„Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да бара, да прима и да дава информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите."*

- **Европската конвенција за човекови права** во член 10 став 1:
  *„Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите."*

- **Меѓународниот пакт за граѓански и политички права** во член 19:
  *„Секој има право на слобода на изразување; Ова право подразбира слобода да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или во уметничка форма, или со кое било друго средство по свој избор."*

Слободата на изразување се гарантира и со **член 16 од Уставот на Република Северна Македонија**, кој предвидува:

*„Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета. "*

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата оцени дека во конкретниот случај не станува збор за вознемирување, односно Стевчо Јакимовски имал право на слободно


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

изразување при настапот во телевизиската емисија „Само вистина" и со неговите изјави не сторил вознемирување врз граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на јавното информирање и медиумите од страна на Стевчо Јакимовски кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност.

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Градоначалник на Општина Карпош - Стевчо Јакимовски со адреса на ул. „Радика" бр. 9, 1000 Скопје